

**ДЕЛ ОД ПОСЕТИТЕ НА ГРАДОВИ ВО СВЕТОТ ВО ПУБЛИКАЦИЈАТА „*СВЕТОТ НА ДЛАНКА“***
**НА СЛАВЕ КАТИН**

Детроит е центарот на ав-то-мо-бил-ска-та индустрија и на други важни компании, затоа и станал „мека“ за Македонците со право се вели дека Вратница - Тетовско и Љубојно - Преспанско се преселиле во Детроит, а нив, за жал, ги има повеќе таму отколку во Македонија и тоа: околу 300 семејства од Вратница, а околу 150 семејства од Љубојно

Америка, пак, отсекогаш била „ветената земја“ за Европејците, односно народите од оваа страна на океанот. Тие се населувале на тој богат и по многу нешта карактеристичен континент од почетокот на освојувањето до денешни дни. Процесот на до-се-лу-вање непрекинато трае и, веројатно, ќе продолжи и во ид-нина. Во овој долг период на доселување, ако Њу-јорк станал центарот за Евреите и Италијанците, Лос Анџелес за Кинезите, Чикаго за многу народи и нации, тогаш Детроит е средиштето на Ма-ке-дон-ците од сите делови на Македонија

Детроит е центарот на ав-то-мо-бил-ска-та индустрија и на други важни компании, затоа и станал „мека“ за Македонците. Најголем број нашинци нашле сигурна егзистенција токму во автомобилските компании, а одреден број, особено доселениците од Тетовско отвориле фурни, ресторани, слаткарници, дуќани и средни индустриски капа-ци-те-ти, во кои работат голем број доселеници од Ма-ке-донија и пошироко од Балканот.

Од Чикаго отпатувавме за Детроит со летот кој траеше околу еден час. Беше пладне кога авионот се вивна во висините и леташе од североисточната страна, долж брегот на езерото Ми-чиген, во кое како во море пловат бродови, јахти, лаѓи...  Во далечината се забележуваше градот Милвоки во државата Висконсин, кога авио-нот сврте кон исток, а потоа преку езерото и ко-п-нениот дел на државата Мичиген се најдовме над цен-тарот на автомобилската индустрија - Детроит.

Детроит е велеград на езерото Ири - една од петте метрополи во Соединетите Американски Држави  и седиште на ав-то-мо-бил-ски-те компании „Форд“, „Крајслер“ и „Џенерал моторс“. Тоа е град на авионската и електронската индустрија, кој уште во 1796 година го формирале Французите. Исто така, Детроит е еден од големите центри на афроамериканското население, како и значаен културен, административен и спортски центар на тие аме-ри-кан-ски простори.

Меѓутоа, за нас најзначајно е тоа што Детроит е средиштето на најбројната македонска колонија во Соединетите Американски Држави, во која првите печалбари од егејскиот дел на Македонија се доселиле уште при крајот на XIX век. Денес во него живеат четириесетина илјади Македонци и тоа претежно од Преспанско, Тетовско и Битолско. Затоа, со право се вели дека Вратница - Тетовско и Љубојно - Преспанско се преселиле во Детроит, а нив, за жал, ги има повеќе таму отколку во Македонија и тоа: околу 300 семејства од Вратница, а околу 120 семејства од Љубојно.

Во Детроит ја посетивме Македонската православна црква „Света Богородица“. Таму се сретнавме со доста нашинци кои најдоа слободно време да дојдат и да слушнат за поголем број прашања и проблеми од „стариот крај“, како што често велат за Македонија. Се отвори дискусија, при што присутните посебно се интересираа за состојбите во Македонската православна црква, за состојба во Република Македонија и за животот и настаните особено во Тетовско и Преспанско.

При нашата посета на Детроит бевме информирани дека постоела иницијатива за формирање и изградба на македонска православна црква меѓу Македонците од Детроит уште од поодамна. Меѓутоа, таа желба се исполнила дури во 1975 година кога Македонската православна црква „Света Богородица“ била примена во крилото на Светиклиментовата црква и потпаднала под нејзина јурисдикција и кога митрополитот Кирил отслужил прва архијерејска литургија на македонски јазик.

Бевме запознати со активностите на овој многу значаен духовно-културен македонски центар, во чиј состав работи Културно-уметничкото друштво „Танец“, во кое членуваат педесетина млади момчиња и девојчиња, претежно родени во Соединетите Американски Држави, а кои се вљубеници во македонскиот фолклор.

Овие млади Американци од македонско потекло редовно учествуваат на голем број манифестации што се одржуваат во Соединетите Американски Држави и во Канада, особено на црковно-народните собири што се организираат на тие простори. Женската секција е десна рака на управата на црквата.





Пишува: **СЛАВЕ КАТИН**